NSW HEALTH

*Информативен лист за заразни болести*

# Вирусен гастроентеритис

***Гасторентеритисот често го предизвикуваат вирусни инфекции кои доведуваат до повраќање и течна столица (пролив). Вирусите лесно се пренесуваат од лице на лице. За да се спречи заразувањето неопходно е рацете да се мијат внимателно со сапун и протечна вода (од чешма).***

**Последна преработка:** 29ти ноември 2007

## Што е вирусен гастроентеритис?

Вирусниот гастроентеритис е честа инфекција на желудникот и цревата која се карактеризира со повраќање и пролив. Инфекцијата може да ја предизвикаат повеќе различни вируси, на пример, вирусите Ротавирус и Норовирус (претходно познат како вирус кој личи на Норвок вирусот). Постојат многу други причинители на гастроентеритис вклучувајќи бактерии, токсини, паразити и некои болести кои не се заразни.

## Кои се симптомите?

Главни симптоми на вирусен гастроентеритис се повраќање и пролив. Другите симптоми може да вклучуваат гадење, покачена температура, стомачни болки, главоболка и болки во мускулите. После тоа може да дојде до дехидрирање. Симптомите може да се развиваат од еден до три дена и обично траат меѓу еден и два дена, понекогаш подолго.

## Како се пренесува инфекцијата?

Вирусниот гастроентеритис е многу заразен и се пренесува преку повратен материјал или измет од заразеното лице со:

- личен контакт, на пример, ракување со лице кое било болно и го носи вирусот на рацете
- заразени предмети
- заразена храна или пијалок

Инфекцијата исто така може да се пренесе преку честички во воздухот кога луѓето повраќаат. Во повеќето случаи, болеста ја пренесува лице кое има симптоми. Некои лица може да им ја пренесат инфекцијата на други без да имаат симптоми, посебно во првите 48 часа откако оздравеле.

## Кој е изложен на опасност?

Од вирусен гастроентеритис може да заболат луѓе на било која возраст.

## Како се спречува болеста?

Треба најмалку 10 секунди темелно да ги миете рацете со сапун и протечна вода (од чешма) и потоа да ги избришете со чиста крпа за бришење после користење на клозетот, менување на пелени и пред јадење или приготвување на храна.

## Како се поставува дијагноза?

Дијагнозата на вирусниот гастроентеритис обично се поставува врз основа на симптомите кои ги има лицето.  При епидемија на болеста важно е таа да се потврди со позитивни лабораториски резултати и тоа вклучува проверка на примероци на измет.

## Како се лекува болеста?

Вирусниот гастроентеритис не се лекува на некој посебен начин освен со одмор и обилно пиење на течности.  Повеќето луѓе оздравуваат без да имаат некакви компликации. Меѓутоа, вирусниот гастритис може да биде сериозен кај лицата кои имаат тешкотии со надоместување на течностите и солта што ги изгубиле со повраќање и пролив.

Лицата кои повраќаат или имаат пролив треба:

- да се одмараат дома и да не одат на работа, училиште или во детска градинка додека се болни
- да не приготвуваат храна за други или да негуваат пациенти, деца или стари лица.  Овие мерки на претпазливост треба да продолжат да се запазуваат 48 часа откако ќе престане проливот или повраќањето. Ова се однесува на луѓе кои приготвуваат храна во нивниот дом или кои работат во прехрамбената индустрија
- 10 секунди темелно да ги мијат рацете со сапун и протечна вода (од чешма) после користење на клозетот
- обилно да пијат бистри течности, на пример, разводнет сок или газиран пијалок - 1 дел со 4 делови вода, за да спречи дехидрирање (губење течности).  Избегнувајте неразводнети сокови или газирани пијалоци затоа што тие може да ги зголемат дехидрацијата и проливот. Во аптека може да се купат пијалоци за надоместување на изгубени течности и соли. Во сериозни случаи на дехидрација можеби ќе биде потребно интравенозно надоместување на течностите.

Луѓето кои се грижат за лица заболени од гастроентеритис треба темелно да ги мијат рацете со сапун и протечна вода после секој контакт со заболеното лице. Чистењето на извалканите површини и облека го спречува понатамошното ширење на вирусот.

Кога чистите повратен материјал или измет:

- носете ракавици
- 10 секунди мијте ги рацете со сапун и протечна вода откако ќе ги извадете и фрлите ракавиците
- користете хартиени крпи што се фрлаат после употреба или партали за да ги отстраните сите тврди материи и заврзете ги во пластична кеса пред да ја ставите во кантата за отпадоци
- исчистете ги сите извалкани предмети или површини со жешка вода и детергент и оставете ги целосно да се исушат
- некои луѓе исто така препорачуваат да се носи маска.

## Како реагира здравството?

Избивањето на епидемии на вирусен гастроентеритис се зголемува во зима и тие се чести во семејствата и групни средини како што се домовите за нега на стари лица, болниците, центрите за дневен престој на деца и училиштата. Докторите и болниците се обврзани да ја известат локалната државна служба за здравство секогаш кога ќе се појават најмалку два случаи на гастроентеритис кои се поврзани еден со друг.

Државните служби за здравство може:

- да ве советуваат како да го препознаете избивањето на вирусот
- да ве советуваат како да го контролирате избивањето на вирусот
- да ви помогнат да го испитате избивањето на вирусот за да го утврдите изворот и начинот на пренесување
- да ве советуваат како да ги исклучите луѓето со вирусен гастроентеритис од работа, училиште или други јавни собиралишта.

## Понатамошни информации – Државни служби за здравство во Нов Јужен Велс

За повеќе информации, ве молиме, контактирајте го вашиот локален доктор, локалната државна служба за здравство или здравствениот центар во заедницата – побарајте ги под *'NSW Government'* на почетокот на телефонскиот именик 'Белите страници' (White Pages).

| **Градски подрачја** | **Место** | **Број** | **Подрачја во внатрешноста** | **Место** | **Број** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Northern Sydney/Central Coast** | Hornsby | 02 9477 9400 | **Greater Southern** | Goulburn | 02 4824 1837 |
| | Gosford | 02 4349 4845 | | Albury | 02 6080 8900 |
| **South Eastern Sydney/Illawarra** | Randwick | 02 9382 8333 | **Greater Western** | Broken Hill | 08 8080 1499 |
| | Wollongong | 02 4221 6700 | | Dubbo | 02 6841 5569 |
| **Sydney South West** | Camperdown | 02 9515 9420 | | Bathurst | 02 6339 5601 |
| **Sydney West** | Penrith | 02 4734 2022 | **Hunter/New England** | Newcastle | 02 4924 6477 |
| | Parramatta | 02 9840 3603 | | Tamworth | 02 6767 8630 |
| **Justice Health Service** | Matraville | 02 9311 2707 | **North Coast** | Port Macquarie | 02 6588 2750 |
| **NSW Department of Health** | Nth Sydney | 02 9391 9000 | | Lismore | 02 6620 7500 |
| **NSW Health: www.health.nsw.gov.au** | | | | | |